Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr 10-224/2
15-03-2023 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До:
[redacted]

Предмет: Одговор на Барање пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, од Ваша страна, по електронски пат, доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено со наш архивски број 10-224/1 од 15.03.2023 година.

Во продолжение бараните информации, редоследно согласно Вашето барање:

1. До Комисија за заштита од дискриминација во насока на утврдување на дискриминација на бремени жени во работен однос, доставени се 4 (четири) претставки, од кои 2 (две) претставки се во тек, 1 (една) претставка е запрена по барање на подносителката и 1 (една) за која Комисијата има донесено мислење. Претставките кои се во тек се од областа на работата и работните односи, додека претставка за која Комисијата има донесено мислење е од областа на здравственото осигурување – право на надомест на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство.

2. Од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, утврден е 1 (еден) случај на дискриминација, во вид на индиректна, продолжена, интерсекциска дискриминација врз основа на пол, род, личен статус (земјоделки со потекло од рурални средини) и припадност на маргинализирана група во остварување на правото од областа на здравственото осигурување - право на надомест на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство сторена од страна на Министерството за здравство на РСМ преку Законот за здравственото осигурување врз индивидуалните земјоделки - осигуренички во смисла на Законот за здравственото осигурување.

3. Во однос на Вашето трето прашање, Комисијата има донесено само 1 (едно) мислење досега, опишано во одговорот на 2-то прашање.

Ви стоиме на располагање за сите дополнителни информации.
Со почит,

Комисија за спречување и
заштита од дискриминација
Претседател
Исмаиљ Камбери